Да се пребројиме! 1 Прво издание / 2025

Истражување за број на младински центри

во Република Северна Македонија



Сојуз за младинска работа

2025 година

01 / ПРОФИЛ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

За СМР

Сојузот за младинска работа (СМР) претставува национална мрежа составена од 19 организации членки, кои заеднички делуваат во насока на развој и унапредување на младинската работа во Република Северна Македонија. Организацијата е фокусирана на процесот на препознавање и професионализација на младинската работа и младинските работници, како и на воспоставување и одржување стандарди за квалитет во оваа област.

Преку своето делување, СМР придонесува кон вмрежување на младински организации, размена на искуства и практики, како и јакнење на капацитетите за спроведување квалитетна младинска работа.

Сојуз за младинска работа



Мисија

Регулирање и стандардизација на младинската работа, поддршка на младински работници и подигнување на јавната свест за значењето на младинската работа.

Визија

Младинска работа признаена како професија и изграден систем за поддршка на млади и младински работници.

02 / ПРОЕКТНИ ИНФОРМАЦИИ

За истражувањето

„ДА СЕ ПРЕБРОИМЕ!“ – Истражување за број на Младински центри во Република Северна Македонија

Спроведувач

Ова истражување е спроведено од Секретаријатот на Сојузот за младинска работа под водство на Драгана Митровиќ, а во рамки на проектот „Отворање на потенцијалите на младинската работа во регионот на Западен Балкан“ како ресурс што ќе се користи во идната работа на застапување за признавање, препознавање и развој на младинската работа.

Дата, место

Јуни 2025, Штип

Проект и поддршка

Овој документ е изработен во рамките на проектот „Отворање на потенцијалите на младинската работа во регионот на Западен Балкан“, финансиран од Европската Унија и ко-финансиран од Министерството за јавна администрација на Црна Гора. Сепак, гледиштата и мислењата изразени во него се само на автор(ите) и не ги одразуваат нужно оние на Европската Унија, Извршната агенција на Европската Унија за образование и култура или Министерството за јавна администрација на Црна Гора. Ниту Европската Унија, ниту Извршната агенција на Европската Унија за образование и култура, ниту Министерството за јавна администрација на Црна Гора не можат да бидат одговорни за нив.

Фокус

Истражувањето го утврдува бројот на формирани младински центри според Законот, преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

03 / НАВИГАЦИЈА

Содржина

01 За СМР 2

02 За истражувањето 3

03 Краток преглед на наодите 5

04 Контекст и методологија 6

05 Резултати од одговорите 7

06 Број на младински центри во РСМ 9

07 Заклучоци и препораки 10

08 Извори и хиперлинкови 11

Листа на кратенки

СМР - Сојуз за младинска работа

ЗМУМП - Закон за младинско учество и младински политики

МЦ - Младински центар

ЛМЦ - Локален младински центар

ЕЛС - Единица на локална самоуправа

РСМ - Република Северна Македонија

04 / КЛУЧНИ БРОЈКИ

Краток преглед на наодите

Истражувањето покажува дека по истекот на законскиот рок од пет години, формирани се само 9 младински центри во 9 општини во државата. Огромно мнозинство општини не ја исполнуваат законската обврска да овозможат најмалку еден младински центар.

81	65 + Град Скопје	15	9
поединечно барање	доставиле одговор	без доставен одговор	младински центри вкупно

Главна порака

Позитивни примери постојат, но бројот на формирани младински центри останува многу низок во однос на законската обврска секоја општина да овозможи функционирање на најмалку еден младински центар.

Доставени одговори



Клучни бројки од истражувањето

Состојба до моментот на подготовка на извештајот, јуни 2025



01 Контекст и методологија

Со цел да се утврди состојбата со вкупниот број на формирани Младински центри согласно Законот за младинско учество и младински политики во Северна Македонија, Сојузот за младинска работа спроведе истражување преку употреба на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во периодот февруари – јуни 2025 година.

Истражувањето е спроведено како дел од активностите во рамки на проектот „Отворање на потенцијалите на младинската работа во регионот на Западен Балкан“, финансиран од Европската Унија и ко-финансиран од Министерството за јавна администрација на Црна Гора.

Потребата за спроведување на ова истражување се јавува поради немање прецизни податоци во однос на бројот на отворени Младински центри во државата согласно Законот на крај од истекот на рокот определен со истиот. Имањето на прецизни податоци е неопходно за идно застапување и стратешко планирање на национално, но и локално ниво.

Со таа намера, Сојузот за младинска работа подготви Барање за пристап до информации од јавен карактер со прецизно дефинирани прашања базирани на

- Законот за младинско учество и младински политики, донесен во јануари 2020 година (Службен весник на РСМ, бр.10 од 16.01.2020 год.), а според кој „Младинските центри се основаат во соработка меѓу општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и младинските форми на организирање“ (чл.22, ст.3) „во рок од пет години, секоја општина треба да овозможи функционирање на најмалку еден младински центар на територијата на општината“ (чл.26, ст.7), и

- Правилникот за стандарди за квалитет на младински центри донесен од Агенцијата за млади и спорт во април 2021 година, а каде се дефинирани минимумот стандарди за квалитет низ 2 дела: (1) Дефинирање, начин на основање и работа на младинските центри; (2) Стандарди за квалитет на младинските центри.

Доставените прашања опфатија барање за достава на документи со кои се потврдува постоење и функционалност на младинскиот центар доколку е формиран, односно:

1

Дали во општината е формиран младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики?

2

Доколку е формиран, бараме да се достават следните документи и информации:
Одлука за формирање на младинскиот центар;
Одлука за избор на граѓанска организација која ќе раководи со младинскиот центар;
Извештај за работата на младинскиот центар за претходната календарска година (2024);
Програма за работа на младинскиот центар за 2025 година;
Податоци за издвоени средства од буџетот на општината за младинскиот центар за претходните 2 години, односно за 2023 и 2024 година, како и податок за предвидени средства за младинскиот центар за тековната, 2025 година.

Доставени се 81 поединечно барање, односно, до сите 80 општини во РСМ, и до градот Скопје, како иматели на информации од јавен карактер во текот на месец февруари 2025 година.

Дополнително, а со цел да се заокружи истражувањето врз основа на информации во врска со процесите во дел од општините кои не одговориле на барањето, направен е обид да се контактираат општини или организации кои делуваат на тие територии.

02 Резултати од одговорите од општините

Како резултат, од вкупно 80 општини и градот Скопје,

- 15 општини НЕ доставиле одговор: Неготино, Виница, Македонска Каменица, Охрид, Ново Село, Крушево, Гостивар, Јегуновце, Липково, Зелениково, Петровец, Студеничани, Карпош, Сарај, Чаир.

- 65 општини и град Скопје доставиле одговор.

Од примените одговори од 65-те општини кои одговориле, а согласно доставените документи, утврдено е дека во 6 се формирани младински центри: Велес, Кавадарци, Пробиштип, Македонски Брод, Битола, Куманово.

Со оглед на тоа дека Сојузот за младинска работа има информација за постоење на младински центри и во дел од општините кои не одговорија на Барањето со доставување на информации, беа направени обиди за неформално да се потврдат. При тоа, потврдено е дека дополнително уште во 3 општини – Охрид, Гостивар и Липково се формирани Младински центри согласно Законот (донесени одлуки, определен простор, избрани организации кои управуваат со Младинскиот центар).

Општини со младински центри според истражувањето

Бр.	Општина	Основа според изворниот текст
1	Велес	утврдено преку доставени документи
2	Кавадарци	утврдено преку доставени документи
3	Пробиштип	утврдено преку доставени документи
4	Македонски Брод	утврдено преку доставени документи
5	Битола	утврдено преку доставени документи
6	Куманово	утврдено преку доставени документи
7	Охрид	дополнително неформално потврдено
8	Гостивар	дополнително неформално потврдено
9	Липково	дополнително неформално потврдено

Општини кои не доставиле одговор

Неготино, Виница, Македонска Каменица, Охрид, Ново Село, Крушево, Гостивар, Јегуновце, Липково, Зелениково, Петровец, Студеничани, Карпош, Сарај, Чаир.

03 Клучни забелешки од одговорите

Општина Струмица има „формирано“ Младински центар со одлука од декември 2021 година, но нема распишано повик за организација/организации што ќе управуваат, што истиот го прави нефункционален, дури и ако постои како физички простор.

Дополнително, а она кое што јасно се издвојува од одговорите од општините е дека голем дел од нив не го толкувале барањето соодветно, иако истото е јасно и во второто прашање бара документи кои пружаат докази дека Младински центар навистина е формиран – ако недостигаат тие документи, јасно е дека одредбите од Законот што се однесуваат на младинските центри не се исполнети.

Па така, имаме два примера (Општина Боговиње и градот Скопје) каде е одговорено дека Младински центар е формиран, но по разгледување на доставените документи, јасно е дека тоа не е согласно Законот за младинско учество и младински политики.

Градот Скопје ја посочува Јавната Установа Младински Културен Центар („кој претставува младински центар во областа на културата во градот Скопје“) и доставува Одлука за преземање на основачки права на организации во областа на културата од 2004 година.

Општина Боговиње има доставено Одлука од 29.09.2023 год. што се однесува на намена на простор за Младински центар, а во која е наведено дека на јавен повик ќе се избере младинска организација што ќе управува со младинскиот центар. Исто така, имаат и Договор за управување со младински центар склучен на 20.10.2023 год. помеѓу О.Боговиње и Младински Совет на О.Боговиње (коешто не е здружение); но немаат програми или извештаи, ниту издвојуваат средства за младински центар.

Забелешка за толкувањето на Законот

Во контекст на претходното, а од интерес за ова истражување е и утврденото несоодветно разбирање на одредбите од Законот кои се однесуваат на локално ниво, и специфично, улогите и функциите на различните тела и сервиси за млади. Би забележале дека голем број од општините во своите одговори вклучуваат информации за Локални младински совети и другите сервиси, иако доставеното Барање не содржи такви прашања.

Ова посочува на потенцијално неразбирање на Законот и обврските кои произлегуваат од него за општините или други (непознати) причини зошто се добиени несоодветните одговори. За да би се утврдиле причините, би било потребно да се спроведе дополнително истражување за да се утврди како да се надминуваат недостатоците и неразбирањето.

04 Број на младински центри во РСМ: 9

Од примените одговори од 65-те општини кои одговориле, а согласно доставените документи, утврдено е дека во 6 се формирани младински центри: Велес, Кавадарци, Пробиштип, Македонски Брод, Битола, Куманово.

Со оглед на тоа дека Сојузот за младинска работа има информација за постоење на младински центри и во дел од општините кои не одговорија на Барањето со доставување на информации, беа направени обиди за неформално да се потврдат. При тоа, потврдено е дека дополнително уште во 3 општини – Охрид, Гостивар и Липково се формирани Младински центри согласно Законот (донесени одлуки, определен простор, избрани организации кои управуваат со Младинскиот центар).

Финален наод

Со ова, вкупната бројка на Младински центри формирани во општините до моментот на подготвување на овој извештај изнесува 9.

На крајот, истакнуваме дека истражувањето се однесуваше исклучиво на утврдување на бројот на формирани Младински центри според Законот, а не и на начинот на нивно функционирање или оценување на квалитетот на стандардите или работата на истите.

Категорија	Број	Белешка
Вкупно испратени барања	81	до сите 80 општини во РСМ и до Град Скопје
Доставиле одговор	65 општини + Град Скопје	според добиените одговори од истражувањето
Не доставиле одговор	15	општини наведени во изворниот текст
МЦ утврдени преку доставени документи	6	Велес, Кавадарци, Пробиштип, Македонски Брод, Битола, Куманово
Дополнително неформално потврдени МЦ	3	Охрид, Гостивар, Липково
Вкупен број на МЦ во РСМ	9	до моментот на подготовка на извештајот

05 Заклучоци и препораки

Заклучоци

- По истекот на законскиот рок од пет години, формирани се само 9 младински центри во 9 општини во државата.
- Огромно мнозинство општини не ја исполнуваат законската обврска да овозможат најмалку еден младински центар.
- Одговорите на општините покажуваат значително неразбирање на законските одредби, при што младинските центри често се мешаат со други механизми (локални младински совети, канцеларии за млади), што доведува до несоодветна примена на Законот.
- Истражувањето утврдува само дали центри се формално формирани, но не ја оценува нивната работа, усогласеност со стандардите за квалитет и реалното влијание врз младите, што значи дека квалитетот на услугите за млади останува непознат.

Препораки

- Да се преземе координирана акција од надлежните национални институции за да се обезбеди усогласување и поддршка на општините за спроведување на Законот, вклучително и формирање и функционално работење на младински центри во сите општини.
- Да се воспостави официјален, редовно ажуриран национален регистар на младински центри, кој ќе содржи информации за правен статус, програми, извештаи и буџетски средства на центарите на локално ниво.
- Да се спроведат обуки за општинските администрации/службениците за млади со цел јасно разграничување на улогите на младински центри, локални младински совети и други сервиси за млади, како и насоки за нивно правилно формирање.
- Да се реализира дополнително истражување кое, покрај бројот, ќе го оценува и квалитетот на функционирањето на постојните младински центри според Правилникот за стандарди, со активно вклучување на младите во процесот на евалуација.
- Младинските организации и мрежи да ги користат резултатите од ова истражување за застапување пред општините и за развој на партнерства за управување со младински центри, како и за граѓанско следење на исполнувањето на законските обврски.

Извори и хиперлинкови

Во продолжение се задржани релевантните хиперлинкови од изворниот документ како активни PDF-линкови.

1. Закон за младинско учество и младински политики
   https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
2. Правилник за стандарди за квалитет на младински центри
   https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Standardi.pdf
3. Изворен документ: „Да се пребројме!“ - Истражување за број на младински центри во Република Северна Македонија
   https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2026/04/Резултати-од-истражување-за-број-на-младински-центри.pdf

Сојуз за младинска работа

Да се преброиме! 1

Истражување за број на младински центри во Република Северна Македонија

Јуни 2025, Штип